## Извештај со квалитативните информации за ликвидносниот ризик

| Реден број | Елементи на управувањето со ликвидносниот ризик | Опис |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1 | Политика за управување со ликвидносниот ризик | Банката во Политиката за управување со ликвидносен ризик го дефинира овој ризик како ризик од загуба што се јавува кога банката не може да обезбеди доволно парични средства за намирување на своите обврски во рокот на нивното достасување, или може да ги обезбеди потребните средства со многу повисоки трошоци. Претпазливото управување со ликвидноста и ризикот од ликвидност влијае на добивката, капиталот, депозитите, позајмувањата и кредитните пласмани. Управувањето со ликвидноста и ризикот од ликвидност се извршува на начин што опфаќа целосен пристап кон билансот на состојба, со што се спојуваат сите извори и користењето на ликвидноста, т.е. кредити, депозити и позајмици, како и други ставки од билансот на состојба.<br>Во Политиката за управување со ликвидносниот ризик дефинирани се следниве **показатели за ликвидносниот ризик**:<br>- Стапка на покриеност со ликвидност - претставува сооднос помеѓу висококвалитетната ликвидна актива и нето паричниот одлив.<br>- Ликвидносен бафер (слој) - ја претставува вредноста на ликвидните средства со кои располага Банката.<br>- Нето стабилни извори на средства - показател кој ја мери стабилноста на изворите на средства на долг рок (над 1 година).<br>- Ликвидна актива во однос на вкупна актива - износот на ликвидните средства (парични с-ва ио салда во НБРМ, првокласни должнички хартии од вредност, салда на краткорочни пласмани во странски банки) во однос на износот на вкупната актива на Банката.<br>Со цел утврдување на потребната интерна ликвидност преку обезбедување соодветно ниво на ликвидност во однос на прифатливото ниво на ризик и профилот на ризик на Банката, еднаш годишно СБ спроведува **Процес на утврдување на интерната ликвидност.**<br>**Стрес тестовите** за ликвидност ѝ овозможуваат на Банката да го процени потенцијалното влијание на исклучителни, но веродостојни стрес сценарија врз нејзината ликвидносна позиција. Резултатите од стрес тестовите ѝ помагаат на Банката да ја процени адекватноста на нејзиниот ликвидносен бафер во однос на потенцијални негативни шокови. |
| 2 | Стратегии и процеси | Стратегијата на Банката за управување со ликвидносниот ризик опфаќа:<br>- Воспоставување на клучни ризични индикатори (на пр. LCR, NSFR) за мерење на ликвидносниот ризик во однос на апетитот на Банката и навремено информирање на менаџментот.<br>- Идентификување, мерење и упраување со ликвидносниот ризик најмалку еднаш годишно преку ПИЛ или почесто на ad-hoc основа, доколку е потребно.<br>- Дневно следење на ризикот од сите извори на финансирање и ликвидносниот бафер на Банката и нивното движење, преку изработка на комплетен сет на интерни и регулаторни извештаи.<br>- Стрес-тестирање на ликвидноста за да се осигури дека е исполнета адекватноста на ликвидноста, во согласност со интерниот апетит за ризик и регулаторните очекувања.<br>- План за управување со ликвидноста во вонредни услови.<br>- Структурата на управување и улогите и одговорностите за управување, мерење и известување за ризикот од ликвидност. |
| 3 | Структура и организација | СБ следи централизиран модел за управување со ликвидносниот ризик, бидејќи упатствата за идентификација, мерење и управување со ликвидносниот ризик се дефинирани на ниво на Банката. За управување со ликвидноста е задолжен Секторот за средства и ликвидност, кој дневно управува со ликвидноста. Секторот за управување со ризици е одговорен за управувањето со ликвидносниот ризик преку мерење, контрола и следење на ликвидносниот ризик. |
| 4 | Систем на известување | Во Политиката за управување со ликвидносниот ризик се одредени линиите на известување, извештаите кои се подготвуваат и доставуваат до одделните тела и фреквенцијата на доставување. Извештаите, анализите, резултатите од стрес тестовите подготвени од Секторот за управување со ризици и Секторот за средства и ликвидност се доставуваат до Одборот за управување со активата и пасивата, Одборот за управување со ризици, Управниот Одбор, како и до Надзорниот Одбор на Банката. |
| 5 | План за управување во вонредни услови | Стопанска банка АД Скопје има воспоставено План за управување со ликвидноста во вонредни услови, кој ги дефинира улогите, одговорностите, процедурите, акциските планови и насоките што ѝ овозможуваат на Банката ефикасно да одговори на сериозни потенцијални нарушувања на нејзината ликвидносна позиција, со што се заштитува од кризни околности. Целта на овој План е да обезбеди ефективна рамка за управување со ликвидноста, преку обезбедување доволни извори на ликвидност и/или одржување на соодветен ликвидносен бафер за справување со различни кризни сценарија. Дополнително, Планот има за цел да овозможи Банката, по евентуална ликвидносна криза, да се врати во нормално работење на економичен начин, притоа задржувајќи ја својата позиција во банкарскиот систем.<br><br>Банката има усвоено сет на квантитативни и квалитативни индикатори за алармирање и воспоставено нивни прагови за рано предупредување и прагови за активирање на Планот, како што следува:<br>a) Индикатори за рано предупредување – Банката има утврдено прагови со цел да ги детектира нивоата на ризик специфичен за Банката, како и системските ризични фактори што ќе помогнат во идентификување на потенцијална ликвидносна криза;<br>b) Индикатори за активирање на Планот – Банката има утврдено прагови кои можат да послужат како критериуми врз основа на кои се донесува одлука за активирање на Комисијата за управување со ликвидноста во вонредни услови.<br><br>Индикаторите се предмет на пресметка, мониторинг и известување со утврдена фреквенција.<br><br>По активирањето на Комисијата, Комисијата ќе преземе активности специфични за кризата. Посебно внимание се посветува да се обезбеди дека сите кризни активности се усогласени со сите регулаторни барања.<br><br>Комисијата ги зема предвид специфичните околности што преовладуваат во даден момент, со посебно внимание на расположливите инструменти за обезбедување/превенирање на ликвидноста и вклучува листа на потенцијално изводливи мерки за секоја различна состојба на нарушена ликвидност, со индикација за:<br>◘проценетиот износ на потенцијалната ликвидност што може да се обезбеди;<br>◘проценетото време потребно за обезбедување на ликвидност;<br>◘организациските единици / функции на Банката вклучени во спроведувањето на идентификуваните корективни мерки. |
| 6 | Останати податоци | |